Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 0202-1402/3**
**08.11.2023 год.**

Врз основа на член 114, а во врска со член 37, став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425 од 28.06.2019 год.) и член 49 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18.10.2019 год.), Деканот на Факултетот на седницата на Наставно-научпниот совет одржана на 08.11.2023 год. ја донесе следната

**ОДЛУКА**

за распишување избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје

Член 1

Се распишуваат избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Изборите ќе се спроведат на 11.12.2023 (понеделник), во Компјутерската училница на ФВМС, со тајно гласање во период од 10 до 14 часот.

Член 2

Се именува Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание во следниов состав:

1. проф. д-р Ксенија Илиевска, претседател
2. проф. д-р Игор Улчар, член
3. Божидар Живковски, студент,
4. Јана Ќортошева, студент,
5. Дамјан Мицков, студент.

Член 3

Кандидирањето на членовите на Факултетското студентско собрание ќе биде на собир на студентите по години на студии, со тоа што секоја студиска година предлага кандидати за преставници во Факултетското студентско собрание.

Право да се кандидираат и да избираат имаат сите студенти кои се запишани на студии во учебната 2023/2024 година и имаат запишано зимски семестар.

За утврдени кандидати за членови на Факултетското студентско собрание се сметаат оние студенти кои добиле најмногу гласови.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Член 4

Факултетското студентско собрание има 12 членови по години, и тоа:

- 2 од прва година
- 2 од втора година
- 2 од трета година
- 2 од четврта година
- 2 од петта година
- 2 од шеста година.

Член 5

Кандидирањето за претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат подршка најмалку 20 редовни студенти од Факултетот.

За претседател може да се кандидира редовен студент кој запишал зимски семестар во учебната 2023/2024 година и ги положил сите испити заклучно со третиот семестар.

Кандидатурата заедно со потписите за подршка се поднесува најдоцна до 06.12.2023 година до Изборната комисија преку Архивата на Факултетот.

Член 6

Се задолжува Изборната комисија од член 2 на оваа Одлука, изборите за членови и за претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Комисијата од став 1 на овој член донесува Упатство со кое се утврдува начинот на работам изгледот на гласачкото ливче, образецот на записникот, начинот на предлагање на кандидати, начинот на гласање и пребројување на гласовите, објавување на резултатите од гласањето, соопштенија и сл., чување иув ид на изборната документација, како и сите други прашања поврзани со постапката за организирање и спроведување на изборите.

Член 7

Оваа одлука влегува на сила со денот на донесување и истата се објавува на веб страната на Факултетот и на студентската огласна табла.

В.д Декан

проф. д-р Тони Довенски

**МКС EN ISO/IEC 17025**

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk